**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

10. 01. 2018
09 44/1 - -

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016, 127/16), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 4 седница одржана на 23.11.2017 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студискита програма Финансиски менаџмент втор циклус едногодишни студии на Економски институт при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Се акредитира студиската програма **Финансиски менаџмент втор циклус едногодишни студии на Економски институт при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од 1 година (два семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС и со звање:
**- Магистер по економски науки од областа на финансиски менаџмент**
Научно - истражувачко подрачје: Општествени науки
Научно – истражувачко поле: Организациони науки и управување
Научно – истражувачко област: Финансиски менаџмент

4. Акредитацијата на студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од **една** (II циклус) учебни години, почнувајќи од учебната 2018/2019......

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.